**О П Ш Т И Н А   Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521    факс: 033/411 550**
**E-mail:opde@sonet.com.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 5**
**11.07.2011 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**
**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**
**Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи**

**Јули, 2011**
**Делчево**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, донесува

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување акти од Дваесет и третата седница**
**на Советот на Општина Делчево**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево", актите на Советот на Општина Делчево, коишто Советот на Општина Делчево ги донесе на својата **23**. **седница, одржана на ден 08.07. 2011 година** и тоа:

1.Одлука за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2011 година;

2. Изјава за исполнување на условите за користење на средствата од заемот кај Европската инвестициона банка по Договор за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води";

3. Заклучок за дополнување на називот на Одлуката за утврдување на Нацрт ДУП за локалитет „Централно градско подрачје – У.Е. 2, Блок 2.2 во општина Делчево;

4. Одлука за разрешување на член на УО на ЈЛБ „Илинден" Делчево;

5. Заклучок за неусвојување на Одлуката за именување на член на УО на ЈЛБ „Илинден" Делчево;

6. Одлука за разрешување на член на УО на ООУ „Ванчо Прке" – Делчево;

7. Одлука за именување на член на УО на ООУ „Ванчо Прке" – Делчево;

8. Одлука за отуѓување на службено патничко моторно возило сопственост на Општина Делчево.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08- 1509/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**11. 07. 2011 год.** **Градоначалник,**
**Делчево** **Горан Малешевски, с.р.**

Врз основа на член 45, 46 и 47 од Законот за градежно земјиште („Сл. Весник на РМ" бр.82/2008) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 4/2002), а согласно член 143 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево, на својата 23. редовна седница, одржана на ден 08.07. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2011 година**

Член 1

Со оваа Одлука се врши дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2011 година бр. 07-2583/1 од 29.12.2010, што Советот на Општина Делчево ја донесе на својата 18. редовна седница.

Член 2

Во точка 3 од Програмата-**Обем и структура на опремување на градежно земјиште со основната структура**, по подточката к), се додава подточка л) која гласи:

л) Населба „Грамадна"

Во текот на 2011 година на овој локалитет ќе се работи на следните активности:

- Измена на ГУП и ДУП.

Член 3

Во точка 3 од Програмата-**Обем и структура на опремување на градежно земјиште со основната структура**, по подточка л) се додава подточка м) која гласи:

м) Локалитети вон градежниот редон и селски населби.

Во текот на 2011 година на овие локалитети нема да има активности.

Член 4

Во точка 5 од Програмата Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и негова распределба се додаваат подточка л) и подточка м) кои гласат:

л) Населба „Грамадна"

| | |
|---|---|
| - геодетски работи | 15 |
| -урбанистички планови и проекти | 40 |
| -пробивање на улици | 255 |
| - водовод | 180 |
| -канализација | 210 |
| -електрика | 500 |
| **Вкупно** | **1. 200,00 денари/м2** |

м) Локалитети вон градежниот реон и селските населби

| | |
|---|---|
| - геодетски работи | 15 |
| -урбанистички планови и проекти | 40 |
| -пробивање на улици | 255 |
| - водовод | 180 |
| -канализација | 210 |
| -електрика | 500 |
| **Вкупно** | **1. 200,00 денари/м2** |

Член 5

Во точката 3, во подточката љ) – **Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловни објекти и простории по населби,** се додаваат:

- Населба „Грамадна" 1.690,00 денари

-Деловни објекти и простории вон градежен реон и во селските населби 260,00 денари

Член 6

Оваа Одлука е составен дела на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2011 година бр. 07-2583/1 од 29.12.2010.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1478/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.07. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), а во врска со законот за задолжување на РМ со заем кај Европската инвестициона банка по Договор за заем по Прокетот „Водоснабдување и одведување отпадни води", Советот на Општина Делчево, на својата 23.редовна седница, одржана на ден 08.07. 2011 година, донесе

## ИЗЈАВА
## За исполнување на условите за користење на средствата од заемот кај Европската инвестициона банка по Договор за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води"

1. Општина Делчево има формирано Јавно претпријатие за комунални дејности – ЈПКД „Брегалница" – Делчево.

2. ЈПКД „Брегалница“ – Делчево ги покрива услугите кои се однесуваат на водоснабдувањето и одведувањето на отпадни води.
ЈПКД „Брегалница“ – Делчево не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашања неговото функционирање.

3. ЈПКД „Брегалница“ – Делчево, со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектот.

4. За Проектите со кои ќе аплицира Општината, Советот на Општината ќе донесе одлука за нивно одобрување, за секој проект посебно.

5. Сите досега финансирани проекти за водоснабдување и одведување на отпадни води во општина Делчево од донации од државата или меѓународни институции се реализирани е и се во функција.

6. Доколку Општината не ги исполни условите дадени во оваа Изјава во целост, се обврзува да ги врати средствата во целост.

**Број 07-1479/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.07.2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Делчево бр.07-1763/1 од 22.11.2006 („Сл. Гласник на Општина Делчево“ бр. 12/2006), Советот на Општина Делчево, на својата 23.редовна седница одржана на ден 08.07. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за дополнување на називот на**
**Одлуката за утврдување на Нацрт ДУП за локалитет**
**„Централно градско подрачје – У.Е. 2, Блок 2.2**
**во општина Делчево**

1. Се врши дополнување на називот на Одлуката за утврдување на Нацрт ДУП за локалитет „Централно градско подрачје – У.Е. 2, Блок 2.2 во општина Делчево, бр. 07-1810/1 од 29.09.2010 година, што Советот на Општина Делчево ја донесе на својата 14.седница одржана на 29.09.2010 година.

2. Имено, во називот на Одлуката, после зборовите „У.Е.“ 2 се додаваат зборовите „дел од“.

3. Целосниот назив на Одлуката се менува во целиот текст на горенаведената одлука и истиот гласи:„**Одлука за утврдување на Нацрт ДУП за локалитет „Централно градско подрачје – У.Е. 2, дел од Блок 2.2 во општина Делчево.**

4. Заклучокот за дополнување на називот на Одлуката се однесува на сите претходни прописи донесени во целокупната постапка врз основа на Одлуката за утврдување на Нацрт ДУП за локалитет „Централно градско подрачје – У.Е. 2, дел од Блок 2.2 во општина Делчево, бр. 07-1810/1 од 29.09.2010 година, како и на сите идни кои ќе бидат донесени врз основа на овој Заклучок.

5. Овој Заклучок е составен дел на Одлуката за утврдување на Нацрт ДУП за локалитет „Централно градско подрачје – У.Е. 2, дел од Блок 2.2 во општина Делчево, бр. 07-1810/1 од 29.09.2010 година.

6. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1480/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.07. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/2002) и член 13 од Законот за библиотеките („Сл. Весник на РМ" бр.66/2004), а согласно член 20 став 3 од Статутот на ЈЛБ „Илинден„ – Делчево и Известување бр. 07-794/1 од 24.03.2011 година, Советот на Општина Делчево, на својата 23. редовна седница, одржана на ден 08.07. 2011 година, донесе

## ОДЛУКА
## За разрешување на член на УО на ЈЛБ „Илинден" Делчево

Член 1

Анита Петровска се разрешува од функцијата член на УО на ЈЛБ „Илинден" Делчево од редот на вработените, на нејзино барање.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1481/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.07. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 23.седница, одржана на ден 08.07. 2011 година, донесе

**Заклучок за неусвојување на**
**Одлуката**
**за именување на член**
**на Управен одбор на ЈЛБ „Илинден"**

Член 1

1. Не се усвојува Одлуката за именување на член на Управен одбор на ЈЛБ „Илинден" – Делчево.

2. Овој Заклучок влегува во сила влегува осмиот ден од денот на објавувањето во „ Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1482/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.07. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 124 од Законот за основното образование („Сл. Весник на РМ" бр.103/2008), Советот на Општина Делчево, на својата 23. редовна седница, одржана на ден 08.07. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за разрешување на член**
**на Училишен одбор на ООУ „Ванчо Прке"**

Член 1

Се разрешува Светлана Костовска, наставник по ОТП од функцијата член на Училишниот одбор на ООУ „ Ванчо Прке" – Делчево.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила влегува осмиот ден од денот на објавувањето во „ Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1483/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.07. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 124 од Законот за основното образование („Сл. Весник на РМ" бр.103/2008), Советот на Општина Делчево, на својата 23. редовна седница, одржана на ден 08.07. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за именување на член**
**на Училишен одбор на ООУ „Ванчо Прке"**

Член 1

Се именува Гоце Трајановски за член на Училишниот одбор на ООУ „ Ванчо Прке" – Делчево.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила влегува осмиот ден од денот на објавувањето во „ Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 07-1484/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.07. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Тони Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/20002),член 2 и 3 од Правилникот за условите и начинот за продажба и давање на користење ствари во сопственост на Општина Делчево бр. 07-461/1, како и Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за условите и начинот за продажба и давање на користење ствари во сопственост на Општина Делчево бр. 07 - 546/1 од 23.02.2011 Советот на Општина Делчево, на својата 23. редовна седница, одржана на ден 08.07.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За отуѓување на службено**
**патничко моторно возило сопственост на**
**Општина Делчево**

Член 1

Се отуѓува службено патничко моторно возило сопственост на Општина Делчево.

Член 2

Службеното патничко моторно возило е со рег. бр. ШТ 771-МЛ марка **ФОРД**, тип **МОНДЕО**, со број на шасија WFO4XXGBB47K34589,број на мотор FMBA/7K34589, година на производство 2007 година.

Член 3

Почетната вредност на возилото изнесува 614.000,00 денари.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 07- 1485/1**
**08.07. 2011 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Тони Трајановски, с.р.**

## СОДРЖИНА


1.Одлука за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2011 година;.............. 3

2. Изјава за исполнување на условите за користење на средствата од заемот кај Европската инвестициона банка по Договор за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води";.................... 4

3. Заклучок за дополнување на називот на Одлуката за утврдување на Нацрт ДУП за локалитет „Централно градско подрачје – У.Е. 2, Блок 2.2 во општина Делчево;.................................................................. 5

4. Одлука за разрешување на член на УО на ЈЛБ „Илинден" Делчево;.....6

5. Заклучок за неусвојување на Одлуката за именување на член на УО на ЈЛБ „Илинден" Делчево;.................................................................7

6. Odлука за разрешување на член на УО на ООУ „Ванчо Прке" – Делчево; ..........................................................................................7

7. Одлука за именување на член на УО на ООУ „Ванчо Прке" – Делчево;.8

8. Одлука за отуѓување на службено патничко моторно возило сопственост на Општина Делчево...................................................... 8


**СТ**